Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен весник на Р. Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), Министерот за животна средина и просторно планирање , донесува

**ПРАВИЛНИК**

**За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање број 01-2372/1 од 3.05.2017 година, број 01-1832/2 од 12.03.2018 година, број 01-1832/6 од 02.04.2018 година, 01-1567/1 од 13.03.2019 година и тоа:

Во глава IV. ПОСЕБНИ РАБОТНИ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, во член 14, точка 2, во работното место со реден број 1 - "посебен советник за природа", во делот на називот, зборот " природа" се заменува со зборот "економски работи".

**Член 2**

Во глава IV. ПОСЕБНИ РАБОТНИ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, во член 14, точка 2, во работното место со реден број 2 - "посебен советник за просторно планирање", во делот на називот, зборот " просторно планирање " се заменува со зборот "за координација на проекти".

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01-3932/1
16. 07. 2019 година
СКОПЈЕ

**МИНИСТЕР**
**Naser Nuredini**

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

Арх. знак ____________
Рок на чување ____________
____________ 20 ___ год.
Потпис

До: **МИНИСТЕРТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

| Примено / E pranuar | 29. 07. 2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 01 | 3932/2 | | |

**Архивски бр.** 12/6 - 1125/5
**Дата:** 22. 07. 2019

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ**

на

Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање, број 01 - 3932/1 од 16.07.2019 година.

***Образложение***

Министерството за животна средина и просторно планирање, изготви Правилник за измена и дополнување на постојниот Правилник за систематизација на работните места, број 01 - 2372/1 од 03.05.2017 година со извршените измени и согласно во основот, наведениот член од Законот за вработените во јавниот сектор, истиот го достави на предходна согласност.

Министерството за информатичко општество и администрација, го разгледа доставениот акт и утврди дека истиот е во согласност со постојните акти за внатрешната организација и систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање, како и во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15), и Каталогот на работни места во јавниот сектор, составен дел на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР), воспоставен од страна на министерството.

Врз основа на изложеното, а во рамки на законски утврдената надлежност, Министерството за информатичко општество и администрација постапи согласно горе наведеното.

Со почит,

Заменик министер,

Александар Бајдевски

Подготвил: Емилија Чукиќ, РО



Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk